# Дали знаете што вели вашиот Господар?' Присутните рекоа: ,Тоа најдобро го знаат Аллах и Неговиот пратеник.' Рече: ,Некои мои робови се разбудија како верници а некои како неверници

Зејд ибн Халид ел Џухени, Аллах нека е задоволен со него, пренесува: „Божјиот пратеник нѐ предводеше на утринскиот (сабах) намаз кај Худејбије по една дождлива ноќ. По намазот се сврте кон луѓето и рече: ,Дали знаете што вели вашиот Господар?' Присутните рекоа: ,Тоа најдобро го знаат Аллах и Неговиот пратеник.' Рече: ,Некои мои робови се разбудија како верници а некои како неверници. Тие што рекоа: Врне дожд поради Аллаховата добрина и сомилост, се верници и тие не веруваат во планетите. Другите кои рекоа врне дожд поради оваа позиција на ѕвездите не веруваат во Мене, туку веруваат во планетите.'"

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го предводеше намазот во Худејбија, село во близина на Мека, по дождот што падна таа ноќ. Кога заврши со намазот, се сврте кон луѓето и ги праша: „Дали знаете што вели вашиот Господар?“ Тие одговорија: „Аллах и Неговиот Пратеник најдобро знаат.“ Тој рече: „Аллах објасни дека луѓето се делат на две групи при паѓањето на дождот: едната група верува во Аллах, а другата не верува во Аллах. Оние кои велат: ,Дождот падна со Аллаховата добрина и самилост ' и му го припишуваат дождот на Аллах, тие се верници во Аллах, Создателот и Управителот на универзумот, и не веруваат во ѕвездите. Додека оние кои велат: ,Дождот падна поради позицијата на таа и таа ѕвезда’, тие се неверници во Аллах, а верници во ѕвездите." Ова е мало неверство (куфр) бидејќи го припишуваат дождот на ѕвездите, а Аллах не одредил ѕвездите да бидат ниту шеријатска ниту природна причина за дождот. Што се однесува до оние кои го припишуваат паѓањето на дождот и другите овоземски настани на движењето на ѕвездите, верувајќи дека тие се вистинските причинители на тие настани, тие направиле големо неверство.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee